# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 12** **Четврток, 1 Декември 2022** **Демир Капија**



**1442 Демир Капија, ул.Маршал Тито бб тел/факс: (+389 43) 364 100, e-mail: opstinadk@yahoo.com**


## С О Д Р Ж И Н А


1. *Одлука за утврдување на нацрт план Измена и дополнување на ДУП, за дел од Блок 12 – Опфат 2, Општина Демир Капија.........................................................................................*
2. *Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација, со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.21/2, КП.Бр.21/11, КП.Бр.21/12, КП.Бр.230/2, КП.Бр.230/9, КП.бр.230/10 и КП.Бр.1208/1, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија...........................................................................................*
3. *Одлука за дополнување на одлуката за стипендирање на талентирани ученици за учебната 2022/2023 година...........................................................................................................*
4. *Програма за дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Демир Капија за 2022 година...........................................................................................................*
5. *Оперативен план за дејствување во зимски услови на територијата на Општина Демир Капија 2022-2023 година...........................................................................................................*
6. *Заклучок за усвојување на Извештај-Елаборат за процена на штета од временска непогода-град што ја зафати Општина Демир Капија во месец Јуни 2022 година.................*
7. *Решение за одобрување на еднократна парична помош............................................................*
8. *Решение за одобрување на еднократна парична помош............................................................*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за утврдување на нацрт план Измена и дополнување на ДУП, за дел од Блок 12 – Опфат 2, Општина Демир Капија**

Се објавува Одлука за утврдување на нацрт план Измена и дополнување на ДУП, за дел од Блок 12 – Опфат 2, Општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 30.11.2022 година.

Број 09 –931/1
01.12.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 27 став 4 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на 30.11.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на нацрт план Измена и дополнување на ДУП, за дел од Блок 12 - Опфат 2, Општина Демир Капија**

**Член 1**

Се утврдува нацрт план Измена и дополнување на ДУП, за дел од Блок 12 - Опфат 2, Општина Демир Капија плански период 2022-2027, со арх.бр.03-98/22 од октомври 2022 изработен од ДООЕЛ ‘’НИМАЕР’’-Струга д.е.Скопје согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 и 104/22).

**Член 2**

Предметниот опфат за кој се изработува Измена и дополнување на ДУП, за дел од Блок 12 - Опфат 2, Општина Демир Капија, (2022 - 2027) се наоѓа во границите на постојниот ДУП за Урбан Блок 12, Демир Капија донесен со одлука бр. 08-416/1 од 14.08.2007.

Границата на планскиот опфат Измена и дополнување на ДУП, за дел од Блок 12 - Опфат 2, Општина Демир Капија, (2022 - 2027), е затворена полигонална линија и започнува од крстосницата на станбената ул. „11-ти Октомври" со станбената ул.„Јане Сандански", на северо-западната страна, продолжува кон исток по станбената улица „11-ти Октомври", која освен на север, продолжува и на источната страна и оди се до вкрстосувањето со собирната ул. „1 ", свртува по неа целосно кон запад, до вкрстосувањето на ул.„1 " со станбената улица „11-ти Октомври", која што е долж опфатот на западната страна и завршува со крстосницата на станбената ул. „11-ти Октомври" со станбената ул.„Јане Сандански", каде што започнува.

Површината на опишаниот опфат изнесува П=1ха (10417.79m2).

**Член 3**

Измена и дополнување на ДУП, за дел од Блок 12 - Опфат 2, Општина Демир Капија плански период 2022-2027, нацрт план, со арх.бр.03-98/22 од октомври 2022 изработен од ДООЕЛ ‘’НИМАЕР’’-Струга д.е.Скопје, се состои од текстуален и графички дел со следнава содржина:

1. Општ дел
1.1 Регистрација
1.2 Лиценца
1.3 Решение за назначување на планери
1.4 Овластување на носителот на планска документација
2. Составни делови на урбанистичкиот план
2.1 Планска Програма

2.2 Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога
2.3 Податоци, информации од релевантни институции
2.4 Мислења од релевантни институции
3. Документациона основа
3.1 Текстуален дел
Вовед
3.1.1. Геогр. и геодетски податоци за планскиот опфат и за неговите контактни зони
3.1.2. Изводи од планови од повисоко ниво на планирање и други податоци што произлегуваат од други развојни документи, планови и стратегии на развој
3.1.3. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина
3.1.4. Студии, елаборати и работни материјали од сите области релевантни за урбанистичкото планирање и за конкретниот плански опфат
3.1.5. Податоци за природните чинители кои можат да влијаат на развојот на подрачјето во рамки на планскиот опфат
3.1.6. Податоци за создадените чинители кои се релевантни за состојбите во просторот и за просторниот развој
3.1.7. Анализа на степенот на реализација на важечкиот урбанистички план, со анализа на проблеми и состојби во просторот на подрачјето во рамките на планскиот опфат, со аналитички осврт на состојбите од соседните плански опфати
3.1.8. Оценка за можностите и ограничувањата напросторниот развој со програмски проекции што произлегуваат од анализата на состојбите во просторот
3.2. Графички дел
3.2.1. Извод од дуп
3.2.2. Збирен графички прилог од донесени плански решенија
3.2.3. Ажурирана геодетска подлога со граница на плански опфат
3.2.4. Инвентаризација на изградениот градежен фонд со одредена намена, состојба, структура
3.2.5. Инвентаризација на градбите и водовите од вкупната изградена комунална и друга инфраструктура
4. Планска документација
4.1 Текстуален дел
4.1.1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период
4.1.2. Прецизен опис на границата на планскиот опфат според границите на катастарските парцели со кои се совпаѓа, регулациони линии, оски на улици или други експлицитни линеарни симболи на геодетската подлога
4.1.3. Стратешки определби што поризлегуваат од развојни стратегии, просторни и урбанистички планови од повисоко ниво кои се однесуваат на подрачјето на планскиот зафат и претставуваат обврски за планирање на просторот
4.1.4. Цели на урбанистичкиот план
4.1.5. Образложение на планскиот концепт за просторниот развој со кој се постигаат целите на планот, со осврти на сите релевантни аспекти и последици од планираните урбанистички решенија и одредби
4.1.6. ОПис и образложение на планските решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, сообраќајната и комуналната инфраструктура
4.1.7. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план
4.1.8. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите за секоја поединечна урбанистичка единица за планирање
4.1.9. Мерки за заштита
4.2 Нумерички дел
4.2.1. Нумерички податоци
4.2.2. Билансни показатели
4.3 Графички дел
4.3.1. План на намена на земјиштето и градбите
4.3.2. Регулационен план
4.3.3. План на парцелација
4.3.4. План на површини за градење

4.3.5. Сообраќаен и нивелациски план
4.3.6. Инфраструктурен план
4.3.7. Синтензен план

Прилози:

- Предлог планска програма за Измена и дополнување на ДУП за дел од блок 12 – опфат 2, Општина Демир Капија изработена од ДООЕЛ ‘’НИМАЕР’’-Струга д.е.Скопје со технички бр.03-98/22 од март 2022;
- Предлог за одобрување на планска програма за Измена и дополнување на ДУП за дел од блок 12 – опфат 2, Општина Демир Капија со арх.бр.10-342/2 од 27.04.2022;
- Решение за одобрување на Предлог планска програма за Измена и дополнување на ДУП за дел од блок 12 – опфат 2, Општина Демир Капија со арх.бр.10-342/3 од 03.05.2022;
- Извод од план за ДУП УРБАН БЛОК 12, ДЕМИР КАПИЈА со арх.бр.УПI10-175 од 07.10.2021 издаден од Општина Демир Капија;
- Решение со арх.бр.10-342/3 од 03.05.2022 од Градоначалник на Општина Демир Капија за одобрување на Планска програма за измена и дополнување на ДУП за дел од блок 12, Општина Демир Капија;
- Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени – Ажурирана геодетска подлога, изработен од Друштво за геодетски работи ГЕОДЕТИК ДООЕЛ СКОПЈЕ со деловоден бр.08-582/3 од 18.11.2021;
- Потврда за проверка на геодетски елаборат со арх.бр.02-327/3-8/2021 од 02.11.2021 издадена од Агенција за катастар на недвижности;
- Известување за електронска заверка на геодетски елаборат со арх.бр.1110-62/2021 од 19.11.2021 издадено од Агенција за катастар на недвижности;
- Податоци и информации од Агенција за електронски комуникации со арх.бр.1404-1093/2 од 05.04.2022;
- Податоци и информации од Агенција за цивилно воздухопловство со арх.бр.12-8/287 од 29.03.2022;
- Податоци и информации од Национални енергетски ресурси Скопје со арх.бр.15-1176/2 од 31.03.2022;
- Податоци и информации од Министерство за образование и наука со арх.бр.09-4250/4 од 04.04.2022;
- Податоци и информации од Македонски телеком АД Скопје со арх.бр.42118 од 04.04.2022;
- Податоци и информации од МЕПСО со арх.бр.11-1926/1 од 31.03.2022;
- Податоци и информации од Општина Демир Капија со арх.бр.УПI10-74 од 30.03.2022;
- Податоци и информации од ГА-МА АД Скопје со арх.бр.0308-854/2 од 12.04.2022;
- Податоци и информации од Јавно претпријатие за државни патишта, со арх.бр.10-3309/2 од 07.04.2022;
- Податоци и информации од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје со арх.бр. 10-26/3-115 од 07.04.2022;
- Извештај од стручно мислење за Измена и дополнување на ДУП за дел од блок 12 – опфат 2, Општина Демир Капија – работна верзија од комисија за урбанизам на Општина Демир Капија, позитивно мислење со арх.бр.10-342/6 од 14.07.2022;
- Мислење од Агенција за цивилно воздопловство со арх.бр.12-8/691 од 06.07.2022;

- Мислење од Агенција за електронски комунукации со арх.бр.1404-2076/2 од 14.07.2022;
- Мислење од Национални енергетски ресурси со арх.бр.15-226912 од 27.07.2022;
- Мислење од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје со арх.бр.10-26/3-324 од 26.07.2022;
- Мислење од Јавно претпријатие за државни патишта со арх.бр.10-6609/2 од 22.07.2022;
- Мислење од Дирекција за заштита и спасување со арх.бр.09/3-85/2 од 22.07.2022;
- Мислење од А1 Македонија ДООЕЛ Скопје со арх.бр.11-5043/1 од 13.07.2022;
- Мислење од ГА-МА АД Скопје со арх.бр.0308-1404/2 од 14.07.2022;
- Мислење од Агенција за катастар на недвижности со арх.бр.0939-14342/2 од 20.10.2022;
- Електронски запис од Агенција за катастар на недвижности – графички регистар за градежно земјиште од 14.10.2022;
- Измена и дополнување на ДУП за дел од блок 12 – опфат 2, Општина Демир Капија, плански период 2022-2027, нацрт план, со арх.бр.03-98/22 од октомври 2022 изработен од ДООЕЛ ''НИМАЕР''-Струга д.е.Скопје;
- Стручна ревизија на Измена и дополнување на ДУП за дел од блок 12 – опфат 2, Општина Демир Капија, плански период 2022-2027 со арх.бр.0901-848/22 од октомври 2022;
- Извештај од стручно мислење од комисија за урбанизам на Општина Демир Капија за Измена и дополнување на ДУП за дел од блок 12 – опфат 2, Општина Демир Капија, плански период 2022-2027, нацрт план, со арх.бр.10-342/8 од 10.11.2022;

**Член 4**

Оваа одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Демир Капија“.

Број 08 – 901/3
30.11.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација, со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.21/2, КП.Бр.21/11, КП.Бр.21/12, КП.Бр.230/2, КП.Бр.230/9, КП.Бр.230/10 и КП.Бр.1208/1, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија**

Се објавува Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација, со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.21/2, КП.Бр.21/11, КП.Бр.21/12, КП.Бр.230/2, КП.Бр.230/9, КП.Бр.230/10 и КП.Бр.1208/1, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 30.11.2022 година.

Број 09 –931/2
01.12.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/20), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на 30.11.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација, со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.21/2, КП.Бр.21/11, КП.Бр.21/12, КП.Бр.230/2, КП.Бр.230/9, КП.Бр.230/10 и КП.Бр.1208/1, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се потврдува Урбанистички проект со план за парцелација, со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.21/2, КП.Бр.21/11, КП.Бр.21/12, КП.Бр.230/2, КП.Бр.230/9, КП.Бр.230/10 и КП.Бр.1208/1, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија со тех.бр.03-155/22 од септември 2022, изработен од дооел ,,НИМАЕР” – д.е. Скопје, согласно Урбанистички план вон населено место за изградба на Е2 – Комунална супраструктура – Фотоволтни централи на КП 21/1, КП 21/2, КП 230/2, КП 230/1 и КП 1208, КО Бистренци, Општина Демир Капија донесен од Совет на Општина Демир Капија со одлука бр.08-178/7 од 04.03.2022, Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.С.М. бр.32/20), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21 и 104/22) и останатата релевантна законска и подзаконска регулатива.

**Член 2**

Предметниот опфат за кој се изработува Урбанистички проект со план за парцелација, со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.21/2, КП.Бр.21/11, КП.Бр.21/12, КП.Бр.230/2, КП.Бр.230/9, КП.Бр.230/10 и КП.Бр.1208/1, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија е со површина од 108141.78м2. Истиот со својата местоположба припаѓа на територија на К.О.Бистренци, Општина Демир Капија.

Проектниот опфат ги опфаќа катастарските парцели КП.Бр.21/2, КП.Бр.21/11, КП.Бр.21/12, КП.Бр.230/2, КП.Бр.230/9, КП.Бр.230/10 и КП.Бр.1208/1, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија, во сопственост на Република Македонија.

**Член 3**

Урбанистички проект со план за парцелација, со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.21/2, КП.Бр.21/11, КП.Бр.21/12, КП.Бр.230/2, КП.Бр.230/9, КП.Бр.230/10 и КП.Бр.1208/1, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија со тех.бр.03-155/22 од септември 2022, изработен од дооел ,,НИМАЕР” – д.е. Скопје, се состои од текстуален и графички дел со следнава содржина:

Општ дел
- Регистрација на проектанско претпријатие
- Лиценца
- Решение за назначување на планери
- Овластувања на носителите на проектната документација

Текстуален дел
Проектна програма
1. Вовед
2. Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супструктура и инфраструктура во рамките на проектниот опфат
3. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение во градежната парцела, во која е утврден простор определен со градежни линии во кој може да се поставуваат повеќе градби
3.1 Дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за секоја градба поединечно
4.Општи и посебни услови за градење
5.Нумерички показатели
6.Мерки за заштита

- Мерки за заштита на животната средина
- Мерки за заштита и спасување
- Обезбедување на спречување на бариери за лица со инвалидитет
- Мерки за заштита на природното и културното наследство
- Други мерки согласно мислења од надлежни субјкти со јавни овластувања од член 47 од законот за урбанистичко планирање
- Податоци, информации, мислења од институции

Графички дел

Урбанистичко - проектна документација

0. Извод од урбанистички план
1. Ажурирана геодетска подлога 1:1000
2. Карта на изграден градежен фонд 1:1000
3. Карта на изградена комунална инфраструктура 1:1000
4. Урбанистичко решение 1:1000
5. Регулационен план 1:1000
6. План на изградени површини
7. Сообраќаен и нивелациски план
8. Инфраструктурен план
9. План на парцелација

Прилози:

- Проектна Програма за Урбанистички проект со план за парцелација со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на делови од КП.Бр.21/1, КП.Бр.21/2, КП.Бр.230/2, КП.Бр.230/1 и КП.Бр.1208, КО.Бистренци, Општина Демир Капија со тех.бр.03-155-1/22 од август 2022, изработена од дооел ,,НИМАЕР'' – д.е. Скопје;
- Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени – ажурирана геодетска подлога КО Бистренци, со тех.бр.08-232/3 од 29.06.2022, изработен од Друштво за геодетски работи ,,ГЕОДЕТИК ДООЕЛ СКОПЈЕ'';
- Известување за електронска заверка на геодетски елаборат со бр.1110-25/2022 од 05.07.2022;
- Полномошно со арх.бр.10-385/3 од 04.08.2022 од Општина Демир Капија на фирмата ДООЕЛ НИМАЕР Струга за водење на целата постапка за Урбанистички проект со план за парцелација со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.21/1, КП.Бр.21/2, КП.Бр.230/2, КП.Бр.230/1 и КП.Бр.1208, КО.Бистренци, Општина Демир Капија;
- Извод од план УПI10-70 од 28.03.2022 издаден од Општина Демир Капија;
- Податоци и информации од Агенција за цивилно воздухопловство со арх.бр.12-8/522 од 26.05.2022;
- Податоци и информации од Агенција за електронски комуникации со арх.бр.1404-1660/2 од 03.06.2022;
- Податоци и информации од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје со арх.бр. 10-26/3-250 од 02.06.2022;
- Податоци и информации од Македонски телеком АД Скопје со арх.бр.43406 од 02.06.2022;
- Податоци и информации од Јавно претпријатие за државни патишта со арх.бр.10-5316/2 од 02.06.2022;
- Податоци и информации од МЕПСО со арх.бр.11-3093/1 од 30.05.2022;
- Податоци и информации од Дирекција за заштита и спасување со арх.бр.09/3-54/2 од 02.06.2022;
- Податоци и информации од Општина Демир Капија со бр.УПI10-146 од 02.06.2022;
- Мислење од Агенција за цивилно воздухопловство со арх.бр.12-8/978 од 15.09.2022;

- Мислење од Агенција за електронски комуникации со арх.бр.1404-2638/2 од 27.09.2022;
- Мислење од Национални енергетски ресурси со арх.бр.15-2683/2 од 19.09.2022;
- Мислење од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје со арх.бр. 10-26/3-452 од 23.09.2022;
- Мислење од Македонски телеком АД Скопје со арх.бр.45764 од 19.09.2022;
- Мислење од Дирекција за заштита и спасување со арх.бр.09/3-127/2 од 26.09.2022;
- Мислење од А1 Македонија ДООЕЛ Скопје со арх.бр.11-6287/1 од 14.09.2022;
- Мислење од Општина Демир Капија со арх.бр.УПI10-243 од 14.09.2022;
- Мислење од Агенција за катастар на недвижности со арх.бр.0939-15009/1 од 04.11.2022;
- Електронски запис од Агенција за катастар на недвижности – Графички регистар за градежно земјиште извршен на 18.10.2022;
- Урбанистички проект со план за парцелација, со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.21/2, КП.Бр.21/11, КП.Бр.21/12, КП.Бр.230/2, КП.Бр.230/9, КП.Бр.230/10 и КП.Бр.1208/1, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија со тех.бр.03-155/22 од септември 2022, изработен од дооел ,,НИМАЕР'' – д.е. Скопје;
- Стручна ревизија на Урбанистички проект со план за парцелација, со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.21/2, КП.Бр.21/11, КП.Бр.21/12, КП.Бр.230/2, КП.Бр.230/9, КП.Бр.230/10 и КП.Бр.1208/1, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија изработена од Друштво за трговија и услоги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје, со тех.бр.0901-718/22 од ноември 2022;

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Урбанистички проект со план за парцелација, со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.21/2, КП.Бр.21/11, КП.Бр.21/12, КП.Бр.230/2, КП.Бр.230/9, КП.Бр.230/10 и КП.Бр.1208/1, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија со тех.бр.03-155/22 од септември 2022, изработен од дооел ,,НИМАЕР'' – д.е. Скопје;
- Решение со број 09-358/1 од 11.05.2021 година, за формирање на Комисија за урбанизам од Градоначалникот на Општина Демир Капија;
- Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2022 година со бр.08-424/11 од 31.05.2022;
- Записник за Урбанистички проект со план за парцелација, со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.21/2, КП.Бр.21/11, КП.Бр.21/12, КП.Бр.230/2, КП.Бр.230/9, КП.Бр.230/10 и КП.Бр.1208/1, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија со арх.бр.УП I 10-210 од 11.11.2022;
- Извештај од стручно мислење за Урбанистички проект со план за парцелација, со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на

КП.Бр.21/2, КП.Бр.21/11, КП.Бр.21/12, КП.Бр.230/2, КП.Бр.230/9, КП.Бр.230/10 и КП.Бр.1208/1, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија со арх.бр.УП I 10-210 од 11.11.2022;

**Член 5**

Одлуката за потврдување на Урбанистички проект со план за парцелација, со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.21/2, КП.Бр.21/11, КП.Бр.21/12, КП.Бр.230/2, КП.Бр.230/9, КП.Бр.230/10 и КП.Бр.1208/1, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија задолжително се објавува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам. По донесување и објавување на оваа одлука Урбанистички проект со план за парцелација станува составен дел на електронски регистар на донесени урбанистички планови во рамките на информацискиот систем е-урбанизам. Пристап до електронскиот регистар имаат донесувачот на планот, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, Агенцијата за планирање на просторот и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 6**

Електронска форма од Урбанистички проект со план за парцелација, со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.21/2, КП.Бр.21/11, КП.Бр.21/12, КП.Бр.230/2, КП.Бр.230/9, КП.Бр.230/10 и КП.Бр.1208/1, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија се објавува на веб-страницата на Општината.

**Член 7**

Агенцијата за катастар на недвижности е должна во рок од десет (10) работни дена од приемот на известувањето за одобрувањето на Урбанистички проект со план за парцелација, со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.21/2, КП.Бр.21/11, КП.Бр.21/12, КП.Бр.230/2, КП.Бр.230/9, КП.Бр.230/10 и КП.Бр.1208/1, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам да изврши дигитално преклопување на планот.

**Член 8**

Оваа одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Демир Капија“.

Број 08 – 901/4
30.11.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за дополнување на одлуката за стипендирање на талентирани ученици за учебната 2022/2023 година**

Се објавува Одлука за дополнување на одлуката за стипендирање на талентирани ученици за учебната 2022/2023 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 30.11.2022 година.

Број 09 –931/3
01.12.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 2 од Правилникот за условите, критериумите и начинот за доделување на општински стипендии на ученици и студенти во општина Демир Капија бр.08-643/4 од

22.08.2022 година, по распишаниот јавен конкурс бр.02-730/1 од 14.09.2022 година и Извештајот бр.02-730/3 од 13.10.2022 година со ранг-листа и предлог кандидати, доставен од страна на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти, Советот на општина Демир Капија на XV седница одржана на ден 30.11.2022 година донесе,

**ОДЛУКА**
за дополнување на одлуката за стипендирање на талентирани ученици за учебната 2022/2023 година

**Член 1**

Во Одлуката за стипендирање на талентирани ученици за учебната 2022/2023 година бр.08-817/5 од 31.10.2022 година ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.11/22) во членот 1 зборовите "**Ивана Најдовска** (Општинско средно медицинско училиште "Д-р Јован Калаузи" Битола) .................освоени 40 бодови **III-та година" од ред.бр.1** се бришат, ред.бр.2 и 3 стануваат 1 и 2, и се додаваат

3. **Моника Каранфилова (СОУ "Св.Кирил и Методиј" Неготино) ................ освоени 30 бодови IV-та година**

4. **Андреа Јовановска (СОУ "Св.Кирил и Методиј" Неготино) ..................... освоени 30 бодови III-та година**

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија", на web страната и на огласната табла на Општина Демир Капија.

Број 08 – 901/5
30.11.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Демир Капија за 2022 година**

Се објавува Програма за дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Демир Капија за 2022 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 30.11.2022 година.

Број 09 –931/4
01.12.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02) а во врска со член 99 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19), Советот на Општина Демир Капија на XV седница одржана на ден 30.11.2022 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА ЗА 2022 ГОДИНА**

1. Во Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Демир Капија за 2022 година ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.13/21), во точка 2, графичкиот дел се дополнува со нови графички прилози со одбележани градежни парцели што ќе

биде предмет на менаџирање и детален преглед на градежни парцели утврдени со Урбанистички проект со план за парцелација со намена Г2-Лесна, преработувачка и помалку загадувачка индустрија, К.О.Челевец, Општина Демир Капија, Урбанистички проект со план за парцелација, со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште на КП.Бр.766, КП.Бр.771/1 и КП.Бр.850/3, К.О.Прждево, Општина Демир Капија, Урбанистички проект со план за парцелација, со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште на КП.Бр.256 и КП.Бр.21/10, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија и ЛУПД за КО Бистренци и КО Прждево 2014 – 2024 година.

2. Табеларниот преглед со графички прилози се составен дел на оваа програма.

3. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

**Урбанистички проект со план за парцелација со намена Г2-Лесна, преработувачка и помалку загадувачка индустрија, К.О.Челевец, Општина Демир Капија**

| Број на градежна парцела | **ГП 1.1** | | | |
|---|---|---|---|---|
| вкупна површина во м2 | 25936.60 | | | |
| Намена на земјиште (основна класа) | Г2 | | | |
| Намена на земјиште опис | Лесна, преработувачка и помалку загадувачка индустрија | | | |
| броеви на катастарските парцели во состав на градежна парцела КП број | КП.Бр.15/5, КП.Бр.125/4, КП.Бр.125/6 и КП.Бр.160/2 К.О.Челевец | | | |
| Површина на градба | 17181.89 | | | |
| Бруто развиена површина | 51545.67 | | | |
| Процент на изграденост | 66.25 | | | |
| коефициент на искористеност на земјиштето | 1.99 | | | |
| максимална дозволена висина | 12 м | | | |
| Катност | П+2 | | | |

**Урбанистички проект со план за парцелација, со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.766, КП.Бр.771/1 и КП.Бр.850/3, К.О.Прждево, Општина Демир Капија**

| Број на градежна парцела | **ГП 1.1** | | | |
|---|---|---|---|---|
| вкупна површина во м2 | 67051.19 | | | |
| Намена на земјиште (основна класа) | Е1<br>Производство, дистрибуција и сервиси | | | |
| Намена на земјиште опис | Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани<br>Е1.8 - трафостаница | | | |
| броеви на катастарските парцели во состав на градежна парцела КП број | КП.Бр.766, КП.Бр.771/1 и КП.Бр.850/3, К.О.Прждево, | | | |
| Површина на градба | 63673.88 | | | |
| Бруто развиена површина | 63673.88 | | | |
| Процент на изграденост | 94.96 | | | |
| коефициент на искористеност на земјиштето | 0.95 | | | |
| максимална дозволена висина | 5 м | | | |
| Катност | П | | | |

**Урбанистички проект со план за парцелација, со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, на КП.Бр.256 и КП.Бр.21/10, К.О.Бистренци, Општина Демир Капија**

| Број на градежна парцела | **ГП 1.1** | | | |
|---|---|---|---|---|
| вкупна површина во м2 | 80715.60 | | | |
| Намена на земјиште (основна класа) | Е1<br>Производство, дистрибуција и сервиси | | | |
| Намена на земјиште опис | Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани<br>Е1.8 - трафостаница | | | |
| броеви на катастарските парцели во состав на градежна парцела КП број | КП.Бр.256 и КП.Бр.21/10, К.О.Бистренци | | | |
| Површина на градба | 76039.99 | | | |
| Бруто развиена површина | 76039.99 | | | |
| Процент на изграденост | 94.21 | | | |
| коефициент на искористеност на земјиштето | 0.94 | | | |
| максимална дозволена висина | 5 м | | | |
| Катност | П | | | |

## ЛУПД за КО Бистренци и КО Прждево 2014 - 2024 година

| Број на градежна парцела | **АУП ГП.бр.1.2** | | | |
|---|---|---|---|---|
| вкупна површина во м2 | 95702,00 | | | |
| Намена на земјиште (основна класа) | Г<br>Производство, дистрибуција и сервиси | | | |
| Намена на земјиште опис | Г2 - Лесна и незагадувачка Индустрија, Г3 – сервиси и Г4 - Складишта | | | |
| броеви на катастарските парцели во состав на градежна парцела КП број | КП бр.1255/5, 1255/9, 1255/11, КП 1255/13, КП 1255/14 и КП 1255/16 КО Бистренци; КП бр.287/8 КО Прждево | | | |
| Површина на градба | 3592.00 | | | |
| Бруто развиена површина | 10776,00 | | | |
| Процент на изграденост | 3.75 | | | |
| коефициент на искористеност на земјиштето | / | | | |
| максимална дозволена висина | 15,00 м | | | |
| Катност | П+2 | | | |

| | |
|---|---|
| Број 08 – 901/6<br>30.11.2022 година<br>Демир Капија | Претседател на Совет на<br>Општина Демир Капија,<br>Андон Крстевски с.р. |

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Оперативен план за дејствување во зимски услови на територијата на Општина Демир Капија 2022-2023 година**

Се објавува Оперативен план за дејствување во зимски услови на територијата на Општина Демир Капија 2022-2023 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 30.11.2022 година.

| | |
|---|---|
| Број 09 –931/5<br>01.12.2022 година<br>Демир Капија | Градоначалник на<br>Општина Демир Капија,<br>Лазар Петров с.р. |

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/2002) и член 34 точка 3 алинеја 2 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18, и „Сл. весник на РСМ" бр.215/21), Советот на општина Демир Капија, на седницата одржана на ден 30.11.2022 година, донесе

**О П Е Р А Т И В Е Н П Л А Н**
**ЗА ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА 2022-2023 ГОДИНА**

**В О В Е Д**

Општината Демир Капија согласно Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ" бр.36/04, 49/04, 86/08, 85/09, 124/10, 18/11 и 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18, и „Сл. весник на РСМ" бр.215/21), превзема мерки и активности за навремено вклучување, попречување и отстранување на последиците што би ги предизвикале временските неприлики во зимскиот период како: интезивни врнежи од снег, голомразица, поплави, лизгање на земјиште, снежни наноси и др.

Оперативниот план за дејствување во зимски услови се изготвува од причина што и општината Демир Капија може да биде зафатена од овие временски неприлики, па така само за потсетување од минатото треба да се споменат големите снежни врнежи во 1983/84 год. кога висината на снежната покривка во Демир Капија достигна 119 см, потоа 2001/2002 год. 70 см, обилните снежни врнежи 2011/2012, излевањето на река Бошавица во 1979 година при што се поплави левата страна од течението на реката, односно голем дел од централното градско подрачје и беа предизвикани и големи материјални штети. Исто така треба да се споменат и обилните врнежи од дожд во месеците јануари и февруари 2015 година, кои што предизвикаа излевање на реките каналите и пороите, а со самото тоа беа поплавени деловни и станбени објекти, земјоделско земјиште и др.

Со цел спречување на поголеми последици од дејството на природните непогоди во зимски услови врз луѓето и материјалните добра, се превземаат превентивни и оперативни мерки и активности.

Во активностите за справување со последиците од природните непогоди покрај избраниот оператор за зимско одржување на јавните површини, по потреба можат да бидат вклучени сите субјекти од јавен карактер, како и приватните претпријатија, друштва и физички лица. Во оперативните мерки и активности ќе бидат ангажирани претпријатијата и субјектите кои располагаат со соодветна механизација за отстранување на последиците од природните непогоди и други несреќи во зимскиот период.

**I. Начин на финансирање за извршената работа**

Општината Демир Капија во Програмата за одржување на локалните патишта и улици, има предвидено средства за одржување на локалните патишта и улици во зимски услови.

Во случаи кога снежната покривка е поголема од 10 сантиметри, Јавното комунално претпријатие „Бошава" од Демир Капија во својата годишна програма има предвидено рачно расчистување на снегот од јавните и сообраќајни површини – тротоари, како и тротоарите и сливниците на двата моста на река Бошавица.

Ова рачно расчистување на снегот е предвидено на главната улица „Маршал Тито” и тоа :

- од спојот со улицата “Првомајска” па до крајот на истата вклучувајќи ја и пешачката зона (плоштадот);

- дел од улицата „11 Октомври” до старите општински простории и понатаму се до спојот со ул. М.Тито кај Домот на културата и новите општински простории , како и мостовите на река Бошавица.

• Рачно чистење на снег и мраз во зимски услови

Во зимскиот период се задолжува ЈКП„Бошава” да врши рачно чистење на снегот и мразот од јавно-прометните површини дадени во долната табела

| улица | опис | површина (м2) |
|---|---|---|
| „Маршал Тито” | Од спојот со ул. Првомајска вклучувајќи ја и пешачката зона (плоштадот), па заклучно со стариот мост, вклучувајќи ги и тротоарите на истиот. | 2113 |
| „11 Октомври” | Од спој со ул. Маршал Тито (кај јазот) преку првото вкрстување со улица Питу Гули, понатаму преку новиот мост на Бошавица и Улица број 3, до спој со ул. Партизанска.<br><br>Од спојот со ул. Маршал Тито (плоштад) покрај Спортска сала до вкрстувањето кај старите општински простории. | 1560 |

Општина Демир Капија почнувајќи од 2008 година, секоја тековна година склучува Договор за извршување на услуги за одржување и расчистување на јавни површини- сообраќајници и локални патишта од снежни наноси, со субјект кој што располага со соодветна механизација за расчистување на снег, набавка на сол и ризла како и за спречување на штети од други природни непогоди во зимски услови (поплави, вадење на дрвја од мостови од надојдени води, свлечишта и сл.)

Исплатата по извршена работа ќе се реализира по достава на фактура ,што е пак детално прецизирано во самите Договори.

ЈП „Македонија пат” подружница Велес – пункт Демир Капија, покрај своите редовни активности во зимски услови за расчистување на снегот од автопатот А1 (Е-75) како приоритетна задача, ги чисти и регионалните патишта, како и главната улица „Маршал Тито” во Демир Капија и тоа од клучката на влезот во Демир Капија па преку улицата „Првомајска” и Обиколницата се до својот пункт на улицата „Наум Наумовски”.

• **Регионални патни правци што ги чисти „Македонија пат” подружница Велес – пункт Демир Капија**

| р.број | ознака | патен правец | километри |
|---|---|---|---|
| 1. | Р-1102 | Д.Капија - Неготино | 18,0 |
| 2. | Р- 2137 | Д.Капија – Корешница-Бистренци –Војшанци | 9,3 |
| 3. | Р- 1102 | Д.Капија - Давидово | 27,5 |
| 4. | Р- 29171 | Д.Капија – Бесвица - Барово | 18,0 |
| 5. | Р-1102 (дел) и Р-29171 (дел) | клучка-влез во Д.Капија- пункт на „М. Пат” | 3,4 |

**II. Преглед на механизација и алати на субјекти од општина Демир Капија кои дополнително може да бидат вклучени во расчистување на улиците и патиштата**

| Ред. бр. | Носител на активноста | Вид на работни машини, возила | Алатки | Овластен о лице |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ЈКП„Бошава ” | Трактор IMT 539 Ferguson;<br><br>ПП Цистерна марка FAP 13-13 | Лопати бр.8<br><br>Копачи бр.2 | Петар Јованов<br><br>тел.043 366 261<br><br>070 266 629 |
| 2. | ДООЕЛ „Алацис” ДСС Неготино | Утоварач “Liebherr564”; Багер “Case460”; Багер “Volvo210”; Багер “Kobelco229”, камион - кипер “Mercedes1824” | | Душко Стојанов<br><br>076 667 777 |
| 3. | ЈП Национални шуми - подружница Д.Капија | Булдозер TG-110; камион- FAP 14/14; тер.возила - Lada Niva, Dacia Duster, џип UAZ | Лопати бр.10<br><br>Копачи бр .5 | Борче Пешевски<br><br>043 366 236<br><br>070 322 125 |
| 4. | “Ване ком” ДООЕЛ Демир Капија | Утоварач Volvo; Багер Case CX 210; камион - кипер MAN | | Ванчо Личев<br><br>Тел.075 416 975 |
| 5. | Ѕвонко Димитриев<br><br>Демир Капија | Булдозер TG – 105;<br><br>Скип – ICB 3 | | Ѕвонко Димитрие в<br><br>071 323 749;<br><br>076 226 466 |
| 6. | „Мише Транс” | Булдозер TG-105; | | Атанас Трајков<br><br>Тел. 070 612 119 |
| 7. | Андреј Стојов<br><br>Демир Капија | Скип – ICB 3CX | | Андреј Стојов<br><br>Тел: 071 882 355 |

**III. Активности и мерки за отстранување на последиците**

Заради брзо нормализирање на животот на подрачјето зафатено со природна непогода потребно е превземање на низа мерки и активности како:

- Проценка на штетите и последиците ;
- Санација на подрачјето во општината зафатено со природната непогода (Единица на локална самоуправа Демир Капија);
- Обезбедување и давање на неопходна помош на загрозеното население (ЕЛС-Демир Капија, Центар за социјални работи Неготино, Црвен крст Неготино);
- Спроведување на здравствени и хигиено – епидемиолошки мерки (Здавствен дом Неготино – преку Здравствена станица Демир Капија,и ПЗУ од Демир Капија);
- Обезбедување на снабдувањето и на комуналните услуги за брзо нормализирање на животот (ЕЛС- Демир Капија, ЈКП „Бошава” Демир Капија, ЕВН и др.)

Во случај на појава на природни непогоди и други несреќи и во случај на прогласување на елементерна непогода Јавното комунално претпријатие „Бошава” од Демир Капија и другите претпријатија и служби, со механизација, алат и луѓе ќе бидат вклучени во расчистувањето-отстранувањето на последиците од природната непогода. Исто така ќе бидат мобилизирани општинскиот штаб и единиците за заштита и спасување кои се формирани од општината Демир Капија.

При мобилизација овие единици се ставаат во надлежност на Општинскиот штаб за заштита и спасување кој раководи со нивните понатамошни активности.

Доколку непогодата е од такви размери да локалните сили не можат да се справат со последиците од истата, на помош на овие сили ќе биде ангажирана и Дирекцијата за заштита и спасување со свои средства и единици.

**IV. Пропишување на оперативна постапка**

**Ракување со планот**

Ракувањето со плановите за заштита и спасување од природни непогоди, и други несреќи во зимски услови за подрачјето на општината Демир Капија вклучува континуирано ажурирање,периодично дополнување и наменски измени на содржината кои мораат на соодветен начин да се евидентираат.

За ажурирањето и дополнувањето како и водењето на евиденција одговара ракувачот на планот.

Ракувачот на оперативниот план е лице кое е овластено од Градоначалникот на општината да ракува и да го чува истиот.

**Употреба на планот**

Плановите за заштита и спасување од природни непогоди, и други несреќи во зимски услови на подрачјето на Општината се употребуваат врз основа на Одлуката што ја донесува Советот на општината, а во одредени ситуации кога тоа го бара итноста на постапката, Одлука за употреба на овие планови може да донесе и Градоначалникот, како и Командантот на Општинскиот штаб за заштита и спасување.

Број 08 – 901/7
30.11.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Извештај-Елаборат за процена на штета од временска непогода-град што ја зафати Општина Демир Капија во месец Јуни 2022 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Извештај-Елаборат за процена на штета од временска непогода-град што ја зафати Општина Демир Капија во месец Јуни 2022 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 30.11.2022 година.

Број 09 –931/6
01.12.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/2002) а во врска со член 143 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и "Службен весник на РСМ" бр.215/21) и Методологија за процена на штета од природни непогоди и други несреќи ("Службен весник на РМ" бр.181/21), Советот на Општина Демир Капија на XV седница одржана на 30.11.2022 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Извештај-Елаборат за процена на штета од временска непогода-град што ја зафати Општина Демир Капија во месец Јуни 2022 година

1. Советот на Општина Демир Капија го усвои Извештајот-Елаборат за процена на штета од временска непогода-град што ја зафати Општина Демир Капија во месец Јуни 2022 година.

2. Се задолжува Комисијата за процена на штети предизвикани од елементарна непогода-град да го достави усвоениот извештај за утврдената штета до Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи при Владата на РСМ.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 901/8
30.11.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 30.11.2022 година.

Број 09 –931/7
01.12.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 2 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-873/1 од 15.11.2022 година, Советот на Општина Демир Капија на XV-та седница одржана на ден 30.11.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на Општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **3.000,00 (три илјади) денари** на лицето **ТРАЈКО КОСТОВ** од Неготино ул.Маршал Тито бр.127/3-4, заради елементарна непогода - пожар.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 300277045858523 на лицето Трајко Костов од Буџетот на општина Демир Капија ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 901/9
30.11.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 30.11.2022 година.

Број 09 –931/8
01.12.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-891/1 од 21.11.2022 година, Советот на Општина Демир Капија на XV-та седница одржана на ден 30.11.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **10.000,00 (десет илјади) денари** на лицето **ЈОЦО ЌУПЧЕВ** од с.Бистренци, заради лекување во земјата на неговиот син Димитар Ќупчев.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка на лицето Јоцо Ќупчев од Буџетот на општина Демир Капија ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 901/10
30.11.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---